Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli i këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Бр. - Nr. 0204 - 153/15
20.05 2026 год./vit
Скопје - Shkup

Национална установа„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“ - Скопје,врз основа на член 21 од Законот за работните односи (Сл.весник на Република Македонија бр.62/05.......124/25), член 77-ж од Законот за културата (Сл. весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 265/24, 132/25), член 11 став 2 алинеа 7 од Статутот бр.01- 001/2 од 11.06.2018 година на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје, и член 13 од Правилникот за полагање на аудиција во НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје, а во врска со Предлогот на комисијата за спроведување на постапката за вработување и спроведување на постапка на аудиција по Јавен оглас бр. 1/2026, со арх.бр.0401-153/12 од 20.05.2026 година, и Предлод кандидати од спроведената постапка на интервју бр.0401-153/14 од 20.05.2026 година, в.д директорот на установата на ден 20.05.2026 година ја донесе следната:

## Одлука за избор

на кандидати за вработување по јавен оглас бр.1/2026

1. В.д Директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје, по спроведената постапка по Јавниот оглас бр.01/2026 (со арх.бр.0401-153/2 од 29.04.2026 година) за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место:

   1.1 **Друг уметник трета група - Играч** ,шифра **КУЛ 03 04 А05 013**, за 4 (четири) извршители, изврши избор на следните 4 кандидати:

   - Нехат Садики;
   - Џенета Зенели;
   - Сара Исљами Адеми и
   - Аљбана Локу.

**1.2** За прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место **Друг работник за прием на посетители – Гардеробер**, шифра **КУЛ 04 01 Б01 001** за 1 (еден) извршител, в.д директорот изврши избор на кандидатот:

- Ремзи Селмани.

2. До крајниот рок за пријавување во Архивата на НУ „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" — Скопје, беа доставени вкупно 6 пријави за работните места предвидени во Јавниот оглас бр.1/2026 и тоа, за следните работни места:
   - **Друг уметник трета група – Играч** - 5 пријави, од кои 4 ја поминале првата фаза од постапката,
   - **Друг работник за прием на посетители** – Гардеробер – 1 пријава, од која кандидатот ја помина првата фаза од постапката.

3. По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе Решение за вработување, а со избраните кандидати од точката 1 од оваа Одлука ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, и ќе се објави и на веб страната на установата.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на согласноста од Министерството за финансии бр.19-1611/2 и 19-3135/2 од 22.04.2026 година за обезбедени финансиски средства за вработуваје на 5 извршители на неопределено време е донесена *Одлука за објавување на Јавен оглас бр.0204-153/1 од 29.04.2026 година*, за прием на работници во работен однос на неопределено време согласно со актот за систематизација на работните места на установата.

Врз основа на одлуката е објавен Јавен оглас на ден 29.04.2026 година со арх.бр.0401-153/2 од 29.04.2026 година, во дневните весници: Слободен печат, Коха и Нова Македонија и на веб страната на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" — Скопје, за вработуваје на пет (5) извршители на неопределено време.

За работното место Друг уметник трета група — Играч, до крајниот рок за пријавување во Архивата на НУ „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" — Скопје, беа доставена вкупно 5

пријави, за работното место Друг работник за прием на посетители – Гардеробер, беше доставено вкупно 1 пријава.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување формирана со *Допис од Министерството за култура и туризам со бр.40-5384/2 од 12.05.2026 година*, и *Решение за формирање на комисија за спроведување на постапка за вработување донесено од в.д Директорот бр.0204-153/7 од 13.05.2026 година*, изврши административна проверка на веродостојноста на доставените податоци и докази доставени на јавниот оглас, за што е составен записник под бр.0401-153/8 од 18.05.2026 година, и записник за спроведена постапка за работно место Гардеробер со бр.0401-153/9 од 18.05.2026 година, спроведе аудиција и интервју со кандидатите кои успешно ја поминале постапката за веродостојност на доказите и за што е составен записник од постапката за аудиција со бр.0401-153/11 од 20.05.2026 година, и записник за спроведена постапка за интервју со бр.0401-153/13 од 20.05.2026 и по завршувањето на аудицијата и интервјуто до в.д директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје, достави предлог на кандидати за вработување за работно место *Друг уметник трета група – Играч* со бр.0401-153/12 од 20.05.2026 година, и предлог кандидати за работно место *Друг работник за прием на посетители – Гардеробер* со бр.0401-153/14 од 20.05.2026 година за следните работните места:

- Друг уметник трета група – Играч (се предлага да се изберат 4 кандидати) и
- Друг работник за прием на посетители – Гардеробер (се предлага да се избере 1 кандидат).

Согласно записникот од административната селекција во фазата на аудицијата не помина следниот кандидат:

Шкелќим Бајрами – не го исполнува општиот услов од огласот (нема доставено документ за забрана за вршење професија, дејност или должност туку има доставено потврда за казнена евиденција издадена од Основен кривичен суд бр. КР-9721/26 од 08.05.2026, што претставуваа друг документ).

Имајќи го во предвид горенаведеното, в.д директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“- Скопје, во рок од 8 дена од денот на приемот на истата.

Доставено до:
- Архивата
- Кандидатот

В.д Директор
Јетмир Рецепи